Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Предраг Велковиќ УП2 09-77/24 од 15 февруари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138784983 за период 26.12.2023-25.01.2024 издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1138784983 за период 26.12.2023-25.01.2024 СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предраг Велковиќ до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1138784983 за период 26.12.2023-25.01.2024 издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ).

Според ЕВН ХОМЕ - броилото редовно се отчитува оптички, а регистрираните состојби се доставуваат за фактурирање соодветно. Оттука, не може да се постапи по барањето на корисникот за корекција на приговараната фактура.

Броилото поставено на предметното мерно место е отчитано на 25.01.2024 година и отчитаните (на прва тарифа 0.0 и на втора тарифа 0.0) и регистрираните состојби се земени предвид па според нив е изготвена и фактурата за период 26.12.2023-25.01.2024.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори одржана на 7 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-77/24 од 15 февруари 2024 година со прилог:

-Приговараната фактура

-Фактури за испорачана енергија за септември, октомври и ноември 2023 година

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 20 февруари 2024 година со прилог:

-Извештај за отчитани состојби од 25 јануари 2024 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно доставениот Извештај за отчитани состојби на потрошена електрична енергија, видно е дека состојбите во приговараните фактури се во ред.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–77/24**
**25 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**